# МАРТИНОСКИ



**НИКОЛА МАРТИНОСКИ**
(1903 — 1973)

**ГАЛЕРИЈА НА**
**НИКОЛА МАРТИНОСКИ КРУШЕВО**
31. 7. — 15. 8. 1983

Изложбата е организирана по повод десет години од смртта на уметникот, осумдесет години од неговото раѓање и осумдесет години од Илинденското востание

## *НИКОЛА МАРТИНОСКИ ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ*

*Досегашните проучувања на животот и делото на Никола Мартиноски имаа основна цел да ги определат историската улога и местото на уметникот во создавањето и развитокот на современата македонска ликовна уметност, како неделив дел од националната култура на Македонија воопшто. За тоа беше неопходно да се определат, пред сè, стварниот уметнички придонес на Мартиноски, логиката и особеностите на неговата ликовна естетика, дострелите на нејзината материјализација во делата на уметникот. Од друга страна, беше неопходно сето тоа да се согледа како безусловен, како основен критериум токму за определување на значењето на појавата и дејствувањето на Мартиноски во македонската култура и уметност. Тоа е оној пристап што Миодраг Б. Протиќ го разјаснува, укажувајќи дека не историското значење ја определува естетиката, односно уметничката вредност на едно дело туку, обратно, уметничките достигања на даден творец ја определуваат неговата вистинска историска улога, која се јавува како нивна функција.*

*Прифаќајќи ја оваа поставка, знаејќи дека таков пристап не може да го измести значењето на суштествено творечкото постоење на Мартиноски во современата културна историја на Македонија, всушност се одбира патот за достигање објективна научна анализа и вреднување на секое негово дело.*

*Со ваков пристап, Мартиноски се открива во недвосмислена и мошне доследно реализирана улога на пионер на современата македонска ликовна уметност, трајно и неимпровизирано поврзан со својата средина и со ликовната традиција на Македонија. Овој момент е особено важен за творештвото на Мартиноски и неговиот развој, зашто се провлекува како постојана, на различен начин и интензитет присутна структура, што произлегува од најдлабоката интима на неговата личност. Оттука, сè што Мартиноски впиваше во себе во текот на своето школување во Букурешт или Париз, од академиите, културниот живот и уметничките текови на тие средини, никогаш не успеа да ја задуши и обесмисли таа длабока определеност на неговото творечко битие. Несомнено е дека и некои моменти во неговото школување; како што беше случај со советите на големиот француски уметник Жорж Бисиер (професор во Академијата Ронсан во Париз) до Мартиноски да „остане свој, балкански“, влијаеја тој да ја зачува таа определеност низ сето свое дејствување. Меѓутоа, асимилацијата на специфичните духовни и уметнички клими на двата големи европски града, во кои се изврши дефинитивното професионално оформување на македонскиот уметник, исто така имаше решително влијание и ингеренција врз неговото уметничко дејствување. Мартиноски умееше страсно и со длабока соживеаност да ги открие и во различен степен да ги асимилира многу од елементите на актуелните движења во Париската школа од крајот на третата деценија на овој век. Во поширока смисла, уметничкото дејствување на Мартиноски е определено од општата духовна и естетска атмосфера карактеристична за европскиот експре-*

*сионизам, особено во неговата германска и француска варијанта. Така Мартиноски ги вклучи во својата творечка стратегија поуките на Модилјани, Кислинг, Сутин, Пасцин, Пикасо, Грос, Шагал и др.*

*Очигледно е, особено во првиот постпариски период (по 1929), колку овој момент во творештвото на Мартиноски значеше за создавање на една нова клима во Македонија во областа на ликовната уметност. Уметникот воведе во таа средина настојувања на модерната уметност, рушејќи ги сите рамки што историскиот развој на оваа земја ги имаше поставено на ликовното и, воопшто, уметничкото творештво. Мартиноски мораше сам да го реализира процесот што обично го остваруваат генерации ликовни уметници низ мошне долг и, што е особено важно, континуиран, логичен развој на сменување одделни историски етапи и стилски струења. Особините на сликарското, цртачкото, графичкото и вајарското творештво на Мартиноски, изградувано во текот на неколку децении (а особено во предвоениот период), значат полна еманципација на македонското подрачје во областа на ликовната уметност: неизино вклучување и паралелен развој со некои од најзабележителните стремежи во светското ликовно творештво на нашиот век.*

*Меѓутоа, она што го квалификува дејствувањето на Мартиноски како своевиден поврзувач на епохите: неговата емотивна и творечка отвореност спрема вредностите на средновековното сликарство во Македонија и високата почит што тој ја чувствуваше за неговите ликовни особини, — ја индивидуализира уметноста на Мартиноски; ја претвора во еден од најизразитите примери на напор да се изгради национално ликовно творештво, засновано врз откривањето и синтезата (еднакво критички поставувајќи се спрема нив) на современите и традиционалните ликовни системи.*

*Исклучително е богато творештвото на Мартиноски и во поглед на темите и мотивите што тој ги обработувал низ своите дела. Низ нив дефилираат речиси сите подрачја на животот, при што Мартиноски успеваше на некои традиционални жанрови и мотиви да им втисне оригинален печат на својата сложена творечка личност. Но огромниот број сликарски, цртачки, графички итн. дела на уметникот се пред сѐ една свртеност кон човекот во мошне комплексна смисла. Човекот за македонскиот уметник беше извор на вонредно изнијансирана изразност, во која доминираат некои основни мотиви: мајчинство; љубовта меѓу мажот и жената, во мошне широка скала на нејзиното изразување; портретот, како откривање ликови на пријатели, блиски или воопшто на човечката физичка и психолошка физиономија; конечно, човекот виден во вителот на природната и социјалната стихија, како актер во херојски настани од нашата поблиска или подалечна историја, итн.*

*Несомнено е дека во творештвото на Мартиноски се забележливи значителни промени во текот на неговиот развој, и во стилска и во естетска смисла на зборот. Бездруго: предвоеното творештво на уметникот содржи дела*

*што преставуваат врв на уметничките можности на Мартиноски, што тој не успеа да ги достигне и во своето повоено дејствување.*

*Ако од овие перспективи повторно се вратиме кон означувањето на уметничкиот и историскиот придонес на Мартиноски, треба веднаш да се заклучи дека е тој необично значаен и исклучителен за македонската современа уметност и култура. Мартиноски и Лазар Личеноски, во еден период пред војната, преставува единствени творечки индивидуалности, кои можеа да бидат означени како израз и на модерни, актуелни настојувања и на даден национален амбиент, на неговата ликовна традиција и сегашност. Тоа беше, истовремено, творештво кое со своите врвни достигања се вградува во основите на македонската современа уметност и во општата полифонија на југословенското ликовно творештво.*

*Особено е значајно местото на Мартиноски во повоеното македонско творештво, кога дејствуваше во улога на педагог, културен и општествен работник и творец. Несомнено е, сепак, дека суштествено изменетата ситуација на неговата земја и неговата личност, предизвика низа дилеми кај Мартиноски и го постави пред сложени испитувања неговиот морален и професионален интегритет. Меѓутоа, без оглед на нерамномерноста на неговите резултати, без оглед на творбите во кои се изразува една творечка „отпуштеност", рутина и небрежност, Мартиноски, со многу од своите врвни остварувања, ја стимулираше општата ликовна култура во Македонија, пробивајќи во голем број јавни и приватни колекции, откривајќи се во илустрации на книги, со оној коефициент на редок сликарски и цртачки талент што сепак пробиваше во секое негово дело. Несомнено: и кај Мартиноски се открива онаа толку честа појава, уочена кај повеќе негови југословенски и странски колеги, чија творечка и животна зрелост не е означена со откритијата и револуционерноста на нивната творечка младост. Меѓутоа, повторувам, со највисоките свои творечки резултати Мартиноски ја стимулираше сета ликовна култура на Македонија. Поради тоа, тој е несомнено најистакнатата и најзаслужна личност во досегашната историја на современата македонска ликовна уметност.*

*Д-р Борис ПЕТКОВСКИ*

## БИОГРАФИЈА

Роден е на 18 август 1903 во Крушево, од каде по некоја година се одселува во Скопје. Од 1920 до 1927 учел во Школата за убави уметности во Букурешт во класата на професорите Д. Печуреа, Д. Миреа, Н. Ресу и други. Во 1927 и 1928 престојува во Париз каде се усовршува на Академијата Гранд Шомиер и Академијата Ронсан а професори му се Ж. Бисер, М. Кислинг, А, де ла Пателиер.

Од крајот на 1928 до својата смрт во 1973 живее со кратки прекини во Скопје. Пред војната приредува неколку самостојни изложби а учествува и на повеќе групни изложби одржани во земјата и во странство. Од 1931 е член на белградската група „Облик". Еден е од основачите на „Друштвото на ликовните уметници на Вардарска Бановина". Учествува и на изложбите организирани од скопското Друштво на пријателите на уметноста „Јефимија". Пред војната изработува повеќе илустрации за книги, списаниа и весници. Од есента 1939 до втората половина на 1940 работи како сценограф на Театарот во Скопје.

Во времето на окупацијата, од 1941 живее во Скопје се до 1943, кога се сели во Крушево. Од есента 1944 се вклучува во НОВ, повикан од Агитпропот на главниот штаб на НОВ на Македонија. По ослободувањето со неколку колеги ја основа Уметничката школа (подоцна Училиште за применета уметност), каде е нејзин директор до 1948. Во истата година станува директор на новоосниваната Уметничка галерија во Скопје каде останува до својата смрт. Мартиноски е еден од основачите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и прв негов председател. Мартиноски е избран двапати за сојузен народен пратеник. Бил во управата на СЛУЈ. Во 1967 беше избран за член на МАНУ. Носител е на повеќе сојузни и републичк признанија и одликувања за својата професионална активност. По војната приреди повеќе самостојни изложби, а учествувал и на голем број значајни групни и тематски изложби во земјата и странство. Во повоениот период илустрирал разни книги и списанија, а автор е и на мапата „Скопје 1963" со тема на земјотресот.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1929 Скопје, Просветен дом, февруари (слики)
1930 Скопје, (организ. „Јефимија") мај
1931 Белград, Уметнички павиљон, март (слики)
Скопје, (организ. „Јефимија"), април (слики)
1932 Белград, (со З. Поповиќ), Уметнички павиљон, февруари (слики)
1935 Скопје, (организ. „Јефимија") О. У. „Цар Душан", октомври, (слики и цртежи)
— Нови Сад (?), (слики)?
1936 Загреб, (со Т. Кризман), Салон УЛРИХ, 22 март — април, (цртежи и темпери)
Скопје, (организ. „Јефимија"), Окружен уред за осигурување радника, Декември, (слики и цртежи)
1937 Загреб, (со Т. Кризман), салон УРЛИХ, Мај, (цртежи)
1938 Скопје, (организ. Јефимија"), Народен универзитет, февруари
1939 Скопје, (организ. „Јефимија"), Јубилејна десетгодишна изложба, Февруари, (слики и цртежи)
1942 Скопје, О. У. „Цар Симеон", Август, (слики и цртежи)
1953 Белград, Графички кабинет, Септември, (цртежи и слики)
Љубљана, Мала галерија, Ноември, (цртежи)
1954 Загреб, Салон УЛУХ, Јануари, (цртежи)
Париз, Galerie yougoslave, Јуни, (цртежи)
1955 Тетово, (со Л. Личеноски)
Скопје, Ретроспективна изложба, Уметничка галерија, 18 септември, (масла, темпери, цртежи)
1958 Скопје, Ателје на уметникот, Ноември, (слики)
1959 Нови Сад, (со П. Хаџи Бошков), Трибина младих, 1 Јули, (слики)
Дижон Galerie Vauban, Ноември, (масла, темпери и цртежи)
1961 Скопје, „Ретроспективни фрагменти", Работнички дом, 1—15 јуни, (26 слики и 13 цртежи)
1962 Скопје, Работнички дом, 17 јуни — јули, (слики)
1965 Скопје, Мартиноски Никола 1930—1965, Уметничка галерија, Ноември
1966 Белград, Галерија Дома ЈНА, (слики со ретроспективни елементи, 28 април — 9 мај (30 слики и 1 цртеж)
1969 Скопје, МСУ и Уметничка галерија, јуни — луји, (29 масла и 40 цртежи)
Куманово, Уметничка галерија, 31 јули — 15 август, (50 цртежи)
1970 Скопје, Уметничка галерија и МСУ, (во чест на 40-годишна работа), септември, (слики)

1971 Скопје, Мартиноски од колекцијата на Драган Весов, Изложбен салон на ДЛУМ, 25 октомври — ноември, (28 слики и цртежи)
1973 Белград, Ликовна галерија Културног центра Београда, (Комеморативна изложба со ретроспективен карактер, 27 април — 8 мај, (30 слики)
1974 Скопје, Уметничка галерија, 7—17 февруари, (33 масла и 22 цртежа со ретроспективен карактер)
1975/76 Скопје, Ретроспектива, Музеј на современа уметност, 25 декември — 10 февруари, (157 масла, 8 темпери и акварели, 91 цртеж и 1 скулптура)
1976 Скопје, Изложба на слики и цртежи, Изложбен салон на МАНУ, септември, (22 слики и 7 цртежи)
1979 Земун, Галерија Сцене, (во рамките на манифестацијата „VII фестивал монодраме и пантомиме"), 7—27 јуни, (17 дела)
1981 Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Изложба на цртежи, 7—29 април, (34 цртежа)
1983 Скопје, Комеморативна изложба, Уметничка галерија, 5 — 20 април, (37 слики и 16 цртежи)

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1927 Букурешт, Изложба на завршени ученици на Школата заубавите уметности
Скопје, „Јужносрбијански уметници", (организ. Јужни преглед")
1928 Париз, Изложба на група југословенски уметници,
1930 Белград, II пролетна изложба
Скопје, I изложба на Друштвото на ликовните уметници од Вардарска бановина
1931 Скопје, Изложба на скопски уметници, во чест на 10-годишнина на Филозофскиот факултет
Скопје, II изложба на друштвото на ликовните уметници на Вардарска бановина
Белград, III пролетна изложба, Салон на Југословенската уметност
Белград, VI изложба на Облик
1932 Скопје, III изложба на друштвото на ликовните уметници од Вардарска бановина
Белград, IV пролетна изложба
Белград, VII изложба на групата „Облик"
1933 Белград, V пролетна изложба
Белград, X изложба на групата „Облик", 10 октомври
Загреб, VIII изложба на групата „Облик"
Љубљана, IX изложба на „Облик"
1934 Софија, XI изложба на Облик, Салон Преслав
Пловдив, XII изложба на „Облик"
Прага, XII изложба на Облик, салон Манес
1935 Белград, VII пролетна изложба
1936 Белград, VIII пролетна изложба
Белград, Изложба на независните уметници
1937 Скопје, Изложба на Облик
Белград, II графичка изложба
Белград, IX пролетна изложба
Скопје, Јубиларна изложба на „Јужносрбијанските уметници"
Солун, XIV изложба на „Облик"
Рим, Модерна југословенска уметност,
1938 Белград, Јубиларна X пролећна изложба сликарских и вајарских радова југословенских уметника, Уметнички павиљон „Цвијета Зузорић, 19 мај — 10 јуни
Белград, III графичка изложба
Белград, XV изложба на „Облик"
1939 Белград, XI пролетна изложба
Скопје, Јубиларна изложба за 10 годишнината на „Јефимија"
1940 Белград, XII пролећна изложба сликарских и вајарских радова југословенских уметничка, Уметнички павиљон „Цвијета Зузорић", 19 мај — 10 јуни
Скопје, Пролетна изложба на „Јужносрбијанските уметници", (орг. Јефимија)
Скопје, Есенска изложба на „Јужносрбијанските уметници", орг. Јефимија, 26 октомври — 10 ноември
1942 Скопје, I општа изложба на уметниците од Македонија, Дом на уметниците и новинарите, 8 февруари
1943 Скопје, II општа изложба на уметниците од Македонија, Свечена сала на Воениот клуб, 7 април
1945 Скопје, I општа изложба на македонските художници, О. У. „Гоце Делчев", 13 ноември — 16 декември
1946 Белград, Сликарство и склуптура на народите на Југославија
Изложба на македонските художници, изложбена турнеја:
Титов Велес, 9—14 јуни
Прилеп, 16—21 јуни
Битола, 23—29 јуни
Охрид, 30 јуни — 6 јули
Скопје, II општа изложба на македонските художници, Уметничка галерија, 29 ноември — 29 декември
Скопје, Скопски уметници и сликари на армијата
1946/47 Белград, Загреб, Љубљана, Сликарство и скулптура на народите на Југославија од XIX и XX век
Уметничка павиљон, 29 септември — 29 октомври 1946
Уметнички павиљон и Модерна галерија ЈАЗУ, 5 јануари — 10 февруари 1947
Народна галерија, 16 март — 20 април 1947
1947/48 Москва, Ленинград, Братислава, Права, Варшава, Краков, Будимпешта
Сликарство и скулптура на народите на Југославија од XIX и XX век
Скопје, III општа изложба на македонските художници, Уметничка галерија, 28 декември 1947 28 јануари 1948

1949 Скопје, IV општа изложба на македонските художници, Картина галерија, 1—3 мај (?)
Љубљана, Загреб, Белград, I изложба савеза ликовних уметника ФНР Југославије
1950 Охрид, Современа македонска уметност, Скршена џамија, јуни Скопје, V изложба на македонските ликовни уметници, Уметничка галерија, 29 ноември — 31 декември
1951 Скопје, VI изложба на македонските ликовни уметници, Уметничка галерија, 11 октомври — 11 ноември
Цетиње, Сараево, II савезна изложба ликовних уметника ФНРЈ,
1952 Скопје, VII изложба на македонските ликовни уметници, Уметничка галерија, 29 ноември — 30 декември
1953 Белград, Изложба ликовних уметника Македоније, Уметнички павиљон, 22 март — 11 април
Загреб, Пола вијека југословенског сликарства, 1900 — 1950, Модерна галерија, 9 мај — 9 јуни
Скопје, VIII изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 29 ноември — 31 декември
Белград, Дрворез и дрворез во боја,
1954 Скопје, Пола века југословенског сликарства 1900 — 1950
Дубровник, III изложба сликарства и вајарства Савеза ликовних уметника Југославије, Уметничка галерија, 1 јули — 1 септември
Вашингтон, 4 југословенски сликари (Хегедушиќ, Коњовиќ, Михелиќ и Мартиноски)
Скопје, IX изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 13. XI — 13. XII
1954/55 Загреб, Изложба удружења ликовних уметника Македоније, 23 XII 1954 — 20. I 1955
1955 Љубљана, Растава здружења ликовних уметника Македоније, Јакопичев павиљон, 10. II — 28. II
Њујорк, 4 југословенски сликари (Хегедушиќ, Коњевиќ, Михелиќ, Мартиноски)
Сараево, Изложба ликовниот уметника Македоније, Изложбени павиљон, Мај
Загреб, Дела од колекцијата на Градската галерија на современа уметност — Загреб (I изложба по повод основањето на галеријата), Градска галерија сувремене уметности, 4 јуни
Скопје, X убиларна изложба на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија, 29. XI — 29. XII
1956 Лугано, V биенале црно-бело
Љубљана, Растава звезе ликовних уметников Југословије, Модерна галерија, 15 — 29 февруари
Сараево, Сојузна изложба по повод IV конгрес на СЛУЈ
Скопје, Изложба посветена на НОВ, Дом на градежните работници, Јули
Дубровник, Изложба на југословенската уметност, во чест на конгресот на AICA
Скопје, XI изложба на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија, 29 XI — 29 XII
1957 Њу Делхи, III меѓународна изложба на современа уметност.
Мексико Сити, Современа југословенска графика
Осло, Современа југословенска уметност
Скопје, I изложба на македонска графика, Дом на ЈНА, Март—Април
Скопје, I пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 20 IV — 10 V
Скопје, Мајка и дете
Битола, Македонски графичари
Дубровник, Современа југословенска уметност — сликарство и скулптура, Уметничка галерија, 1 јули — септември
Љубљана, II меѓународно графичко биенале, Модерна галерија
Белград, Изложба савремене македонске графике, Графички колектив, 4 — 11 ноември
Скопје, XII изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 29 XI — 29 XII
1957/58 Белград, Изложба удружења ликовних уметника Македоније, Уметнички павиљон на Малом Калемегдану, 13 — 15 ноември
Загреб, Уметнички павиљон, 1 — 25 јануари 1958
1958 Скопје, II изложба на графики на ДЛУМ, Мала сала на Уметнички павиљон, март—април
Марибор, Растава дел македонских уподабљајучих уметников, Уметностна галерија, 6—20 април
Скопје, II пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон, мај
Скопје, XIII годишна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 29 XI — XII
Белград, дрворез и дрворез во боја
Канада, 60 слики на современото југословенско сликарство
1959 Белград, Современа македонска уметност
Титоград, Современа македонска уметност, Умјетнички павиљон, 1 — 10 ноември
Скопје, Група скопски сликари и скулптори
Загреб, Уметност у Револуцији,
Скопје, XIV изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 29. XI — 29. XII
Ленинград, Современа југословенска графика
Дижон, Есенски салон
1960 Скопје, IV пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, мај
Охрид, Битола, Прилеп, Изложба на ДЛУМ
Вараждин, Изложба на графика
Дубровник, Скици и графики — колекција на К. Страјниќ
Скопје, XV изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, ноември — декември
1961 Скопје, V пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 1—20 мај
Белград, I тријенале ликовних уметности, Београдски саем, сала III, 25 мај — 25 јуни
Прилеп, Изложба на ДЛУМ, посветена на 20 годишнината од Народната револуција, Дом на ЈНА, 10 — 20 октомври

Скопје, XVI изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 13 — 22 ноември
Скопје, НОБ во делата на југословенските ликовни уметници, Уметничка галерија, 29 ноември
Марибор, 40 југословенски графичари

1962 Бејрут, Современа југословенска уметност
Дижон, Современа македонска ликовна и применета уметност,
Скопје, Збирка на ликовни дела, Работнички дом, 25 јануари
Скопје, Македонски портрет XIX — XX век, Уметничка галерија, јануари — февруари
Охрид, Изложба на скопски уметници (Ѓорѓиев, Кунoвски, Мазев, Мартиноски и Митриќески), Работнички универзитет, 1—15 август
Битола, Современа македонска уметност,
Ниш, Современа македонска ликовна уметност, Павиљон у тврђави, 25 октомври
Скопје, XVII годишна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 13 ноември — 1 декември

1963 Белград, Цртежи, графики и акварели од НОВ
Сомбор, III ликовна јесен, Градски музеј, 23 ноември — декември
Белград, XVIII изложба на ДЛУМ, Павилјон „Цвијета Зузориќ", 3—13 декември
Скопје, НОБ во творбите на ликовните уметници

1964 Скопје, Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, Мај
Охрид, Пролетна изложба на ДЛУМ, Народен музеј, Мај
Скопје, 10 македонски уметници учесници на II триенале во Белград,
Музеј на современа уметност, 5—15 јуни
Охрид, Современа југословенска уметност I, Народен музеј, 6 август
Нови Сад, Современа македонска уметност
Чачак, III меморијал Надежде Петроиќ, Свечана дворана гим. Филип Филиповиќ, 1—20 септември
Белград, II триенале на југословенската ликовна уметност, Белградски саем, Хала III, 1—27 септември
Штип, Современа македонска уметност, Народен музеј — Безистен
Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 29. XI — 15. XII
Брадфорд, Лондон, Современа македонска уметност, (Музеј и галерија на Брадфорд, Југословенски информативен центар во Лондон)

1964/65 Белград, Скопје, Поклон збирка италијанских ликовних уметника граду Скопју и југословенских ликовних уметника граду Вајонту, Уметнички павилјон, ноември-декември1964
Уметничка галерија 1964/65

1965 Скопје, Скопје 1963 низ ликовни творби, Музеј на град Скопје, Јули
Скопје, ДЛУМ — Современа македонска уметност, Собрание на СРМ, 26 јули
Скопје, Изложба на тринаесетмината, Уметничка галерија, декември
Белград, I белградска аукција на слики,
Загреб, Изложба Вајонт — Скопје
Москва, Изложба на југословенска ликовна уметност во НОВ 1941/45

1966 Белград, продајна изложба, Продајна галерија
Сомбор, II триенале савременог југословенског цртежа (VI ликовна јесен), Градски музеј, 8 октомври-ноември
Белград, I изложба НОБ у делима уметника Југославије, Галерија дома ЈНА, 26 ноември — 16 декември
Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, 27 ноември — 15 декември
Прага, Софија, Изложба на југословенската во НОВ 1941—1945
Титов Велес, НОВ и Револуцијата во делата на македонските ликовни уметници (III Рацинови средби)
Штип, Современо југословенско сликарство

1967 Осјек, За крух и слободу, Галерија ликовне уметности, 22 септември — 23 октомври
Скопје, Современа македонска уметност меѓу двете војни, Уметничка галерија, 10 октомври — 10 ноември
Скопје, XXII изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 29. XI — 24. XII
Скопје, Аспекти на цртежот во Македонија, МСУ Скопје, 6—20 декември

1967/68 Белград, Трећа деценија — конструктивно сликарство, Музеј савремене уметности

1968 Скопје, Подарени дела — јули 1967 — јули 1968, МСУ Скопје
Риека, I меѓународна изложба на оригинален цртеж, Модерна галерија, 14 јуни — 31 август
Скопје, Наше минато, Уметничка галерија, 31 јули — 20 август
Скопје, Ликовно-поетска музичка вечер, Центар за култура и информации, 8 октомври

1969 Белград, Сараево, Загреб, Современа македонска уметност (сликарство, скулптура, објекти), Музеј савремене уметности, Уметничка галерија, Модерна галерија
7 февруари — 16 март
10 јуни — 28 август
25 септември — 25 октомври
Скопје, Изложба на ДЛУМ — цртежи, гвашеви, акварели, МСУ Скопје, 12—26 март
Белград, Надреализам — постнадреализам, социјална уметност, уметност НОРа, Социјалистички реализам, Музеј савремене уметности, јуни
Словен Градец, Ангажирана уметност в Југославији 1919—1969, Уметностна галерија, септември
Скопје, Традиционална есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 27 октомври — 12 ноември
Скопје, 25 години на АСНОМ, Уметничка гале-

рија, 27 ноември — 22 декември
Истанбул, Анкара, Современа македонска уметност
1970 Скопје, Моето сакано дело, Уметничка галерија, 8—28 февруари
Куманово, Дела од колекцијата на Уметничката галерија од Скопје, Уметничка галерија,
Пореч, IX анале во Пореч, Истарска саборница,
Охрид, Изложба на дела од Струмичката ликовна колонија, Народен музеј, јули
Скопје, XXV Јубиларна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 26 ноември — 15 декември
1971 Загреб, III загребачка изложба југословенског цртежа, Кабинет графике ЈАЗУ, мај-јуни
Скопје, Дела на македонските уметници од колекцијата на МСУ, Скопје, 16 јуни — 5 август
Белград, Загреб, III изложба на НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија, Галерија при домот на ЈНА, 25 јуни — 15 септември
Модерна галерија ЈАЗУ, 12 септември — 12 декември
Сараево, Уметноста на почвата на Југославија од праисторијата до денес, Скендерија, август — октомври
Скопје, Македонски автопортрет, Центар за култура и информации, 16—26 ноември
Белград, Четврта деценија — експресионизам боје, поетски реализам, Музеј савремене уметности
Париз, Уметност на почвата на Југославија од праисторијата до денес
1971/72 Скопје, Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници, Уметничка галерија (ретроспективен дел) 1949—1969, Музеј на современа уметност (нови творби) 1969—1971, 24 декември 1971 — 13 февруари 1972
1972 Сомбор, XII ликовна есен (цртеж), Градски музеј, октомври-ноември
Скопје, XXVII изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија. ноември-декември
Јаши, Пиетра Неамц (Романија), Изложба на современа македонска уметност
1973 Куманово, Современа македонска уметност, Уметничка галерија, 17 јули
Скопје, Меѓународна изложба на цртеж од дарители на МСУ, Музеј на современа уметност, 17 јули — 1 септември
Кичево, Изложба на ликовни дела на тема НОВ (цртежи, графики, карикатури), Гимназија, 10—13 октомври
Скопје, Музеј на современа уметност, 17—30 октомври
Работни организации:
Пелагонија, 31. X — 3. XI
Бетон, 4 — 8. XI
Гранит, 8 — 12. XI
Илинден, 12 — 15. XI
Сомбор, Ликовна јесен „Тренутак југословенског сликарства“, Галерија „Милан Коњевиќ“, 13 октомври — 13 ноември
1973/74 Титов Велес, Скопје, Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници (1922—1944), Народен музеј (во рамките на X Рацинови средби), 9—20 ноември
Музеј на современа уметност, 18 декември 1973 — јануари 1974
1974 Скопје, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија, Музеј на современа уметност, 5—29 април
Скопје, Револуционерното минато во македонската уметност, Музеј на современа уметност, 1 август — 2 септември
Вараждин, Винковци, Современа македонска уметност
1975 Осијек, Сувремено македонско сликарство, Галерија ликовне уметности, 25 јануари — 25 февруари
Скопје, НОВ во делата на македонските ликовни уметници, Изложбен салон на Домот на ЈНА, 14 мај
Титов Велес, НОВ во делата на македонските ликовни уметници, XII Рацинови средби, Народен музеј, 12—24, ноември
Белград, Ликовни уметници — Борци и револуционери, Народен музеј, Дом на културата Вук Караџиќ
Опово, Панчево, Ликовни уметници револуционери и борци (од колекцијата на Народниот музеј во Белград), Галерија Јован Поповиќ
1975/76 Белград, Нови Сад, Сараево, Загреб, Скопје, Музеј на современа уметност, 29 април — 20 мај
Галерија матице српске, јуни
Колегиум артистикум, 22 јули — 15 август
Умјетнички павиљон, 20 септември — 20 октомври
Музеј на современа уметност, 5—20 март 1976
1977 Скопје, Основоположници на современото македонско сликарство (од колекцијата на МСУ)
ОЗТ Железара
ОЗТ Пелагонија, 16—20 мај
Скопје, Тито и револуцијата во делата на македонските ликовни уметници, Дом на ЈНА, 23 мај — 5 јуни
Скопје, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија (сликарство, графика, скулптура), Уметничка галерија, 21. VII — 1. IX
Скопје, XXXII изложба на ДЛУМ, Музеј на современа уметност, 4 ноември — 4 декември
1978 Охрид, Македонска уметност (сликарство), Дом на ЈНА, 25 мај — 5 јуни
Тетово, Современа македонска уметност (од колекцијата на МСУ), 18—25 ноември
1978/79 Скопје, Современа македонска уметност, Изложбени сали на МСУ Скопје 10 декември 1978 — 17 октомври 1979
1979 Скопје, Скопје во делата на ликовните уметници (35 години слободно Скопје), Центар за култура и информации, 12—20 ноември

1980 Белград, Скопје у делима ликовних уметника, Галерија „Видиковац", 11—18 јуни
Белград, Шеста деценија у савременом југословенском сликарству, Музеј савремене уметности, 21 јули — 12 септември
1982 Охрид, Поврзаност и заемноста на традицијата и на современата ликовна уметност.

НЕГОВИТЕ ДЕЛА се наоѓаат во повеќе галерии и музеи во земјата: Галерија „Никола Мартиновски", Крушево; Уметничка галерија „Скопје", Скопје; Музеј на современа уметност „Скопје", Скопје; Етнолошкиот музеј, Скопје; Историски музеј, Скопје; МАНУ, Скопје; музеите и галериите во Охрид, Штип, Прилеп, Битола, Струмица; Народниот музеј, Белград; Музеј на современа уметност, Белград; Уметничка галерија, Сараево; Модерна галерија, Љубљана; Институт на ЈАЗУ, Загреб и др.; како и во бројни приватни колекции во земјата и во странство (Англија, Франција, Канада и др.).

НАГРАДИ

2927 — I награда за дипломска работа во Букурешт
1953 — Награда на град Скопје
1955 — Награда на град Скопје
— Орден на трудот I ред
1959 — Октомвриска награда на СРМ за сликарство, Скопје
1964 — Сребрена плакета на Сојузот на ликовните уметници на Југославија, Белград
— Орден заслуги за народ со златна звезда
— Октомвриска награда на СРМ за животно дело, Скопје
1967 — Награда на АВНОЈ, Белград
1968 — Награда „Нерешки мајстори" на есенската изложба на ДЛУМ, Скопје
1970 — Орден братство и единство со златен венец
1972 — I награда за цртеж на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници", Скопје

# РЕПРОДУКЦИИ











23





33



# КАТАЛОГ

1. ГЛАВА НА МОМЧЕ, 1926
масло на платно, 35 x 50
сиг. г. л. 1926/Martin
соп. Н. Мартиноски, Скопје

2. ГЛАВА НА ЖЕНА, 1928
масло на платно, 42 x 37
сиг. д. с. верт. Paris/Martin 928
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

3. СЕДНАТА ЦИГАНКА СО КАФЕ, 1928
масло на платно, 90 x 47
сиг. г. д. Martin/928
соп. Музеј на град Скопје

4. ЃУМ И ЕМИШ, 1928 (?)
масло на платно, 64 x 58
без сигнатура
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

5. МЛАДИНЕЦ СО ФЕС, 1929
масло на платно, 42 x 37
сиг. г. д. N. Martin
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

6. МАЈКА СО ДЕТЕ, 1930
масло на платно, 49 x 63
сиг. д. д. N. Martini
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

7. РАСПЕТИЕ, 1930
масло на платно, 82,5 x 67
сиг. д. д. агол: N. S. Martinoski
соп. З. Мартиноска, Скопје

8. ВО КАФЕАНА I, 1930/1931 (?)
масло на картон, 49 x 39
сиг. г. д. Martin
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

9. АВТОПОРТРЕТ, 1931
масло на платно, 43 x 35
сиг. г. д. N. S. M.
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

10. ГОСПОЃИЦА АРЕТИ, 1931
темпера на картон, 65 x 35
сиг. д. д. Mlle Areti/N. S. Martinoski 1931 Saloniki
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

11. ПОРОК, 1931/1932
масло на платно, 77 x 57
сиг. д. с. N. S. Martinoski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

12. МАЈКАТА НА АВТОРОТ, 1932
дасло на платно, 82 x 65
сиг. г. д. N. S./Martinoski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

13. ПОРТРЕТ НА РАДЕ ДРАИНАЦ, 1933
масло на платно, 59 x 49
без сигнатура
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

14. СЕДНАТО ДЕВОЈЧЕ I, 1933 (?)
масло на платно, 54 x 45
сиг. д. д. N. S./Martinoski
соп. М. С. У., Скопје

15. МАЈКА СО ДЕТЕ, 1934
масло на платно, 79 x 59
сиг. г. л. N. S./Martinoski
соп. Музеј на град Скопје

16. МАЈКА СО ДЕТЕ, 1934/1935
масло на платно, 76 x 62
сиг. г. д. N. K. Marti/noski/D
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

17. ПАСТРМКИ, 1936
масло на картон, 48 x 60
сиг. г. д. Martinoski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

18. ПИТАЧ, 1938
масло на платно, 87,5 x 67
сиг. г. д. N. Martinoski
соп. Музеј на град Скопје

19. ДВЕ ДЕВОЈЧИЊА, 1939
масло на картон, 49 x 63
сиг. г. д. Marti/noski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

20. ДЕТЕ СО ЦИГАРА (ОСВОЈУВАЧ), 1940
масло на платно, 42 x 32
сиг. г. л. N. S. Marti/nocкj/D
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

21. ГЛАВА НА ПАРТИЗАН, 1944
масло на платно, 50 x 35
без сигнатура
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

22. КРУШЕВСКИ ИНТЕРИЕР, 1946
темпера на платно, 53 x 42,5
сиг. г. л. N. M. 1946
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

23. ИЛИНДЕН, 1948
масло на платно, 36,5 x 63
сиг. г. л. N. Martinoski/1948
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

24. АВТОПОРТРЕТ, 1949/1950 (?)
масло на платно, 46 x 38
без сигнатура
соп. Уметничка галерија Скопје

25. СТАРИОТ УБАВ КОСТИМ, 1953 (?)
масло на картон, 71 x 51
сиг. г. д. агол: N. Martinoski/D
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

26. ПРИЕМЕН ДЕН, 1953
масло на платно, 83 x 129
без сигнатура
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

27. СВАДБА ВО КРУШЕВО, 1955
масло на платно, 97 x 118
сиг. д. д. N. Martinoski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

28. СВАДБА (БЛАГОСЛОВ), 1958
масло на платно, 58 x 112
без сигнатура
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

29. ПРИЕМЕН ДЕН ВО КРУШЕВО, 1960
масло на платно, 107 x 129
сиг. д. с. K. N. Martinoski/1948 (?)
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

30. АВТОПОРТРЕТ, 1960
масло на платно, 60 x 51
сиг. г. л. Martinoski 60
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

31. ДЕВОЈЧЕ СО ЦВЕТ, 1960
масло на платно, 63 x 47
без сигнатура
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

32. АЈША, 1966
масло на стакло, 96,5 x 32
сиг. д. д. верт. Martinoski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

33. ЕЛЕКТРИЧНИ ГИТАРИ, 1967
масло на платно, 77,5 x 79
сиг. д. д. N. Martinoski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

34. ДОИЛКА, 1967
масло на платно, 110 x 77
сиг. д. с. верт. N. Martinoski
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

35. ДОИЛКА, 1968
масло на платно, 80 x 66,5
сиг. г. д. верт. N. Martin 68
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

36. ПАСТРМКИ, 1968
масло на платно, 65,5 x 75
сиг. г. с. N. Martinoski 68
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

37. НАСМЕАНО ДЕВОЈЧЕ, 1968
масло на платно, 77,5 x 65
сиг. г. с. N. Martinoski 68
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

38. СВАДБА, 1971
масло на платно, 80 x 67
без сигнатура
соп. З. Мартиноска, Скопје

## ЦРТЕЖИ И ГРАФИКИ

1. БЕСПРИЗОРНИ, 1928
молив во боја на хартија, 54 x 36
сиг. г. л. косо: N. Martinoski/S/1928
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

2. МОДЕЛИ, 1934
молив на хартија, 35 x 51
сиг. д. д. N. Marti/noski/1934
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

3. ДРУГАРКИ, 1937
молив на хартија, 41 x 34
сиг. д. д. N. Marti/noski/1937
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

4. ЧЕТРИ ДРУГАРКИ, 1938
молив на картон, 37 x 31,5
сиг. д. с. N. Marti/noski/1938
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

5. ДОИЛКА, 1945
линорез, 20 x 16
сиг. д. л. 3/10 Doilja N. Martinoski/1945
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

6. ДОИЛКА II, 1950
линорез, 28,3 x 29,7
сиг. д. д. N. Martinoski 1950 и д. л. N. M.
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

7. ПРОЛЕТ, 1950
линорез, 22 x 27,5
сиг. д. л. 1/30 „Пролет“ Н. Мартиноски 1950
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

8. ДИМИТАР ЗОГРАФ, 1953
молив на хартија, 43 x 33
сиг. д. с. N. Martinoski 1953
čičko Dimitrie Zograf, 5—6 месеци пред смрта
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

9. ЉУБОВ, 1953
линорез во боја, 45 x 37
сиг. д. хориз. 5/20 N. Martinoski 1953
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

10. ДОИЛКА, 1954
линорез, 40 x 10
сиг. д. 1/10 Доиља: Н. Мартиноски, 54
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

11. ТРИ ДРУГАРКИ, 1958
молив на хартија, 47,5 x 32,5
сиг. д. с. Marti/noski 58
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

12. МЛАДОСТ, 1958/1959 (?)
дрворез во боја, 28,5 x 89,5
сиг. д. хориз. 1/10 Младост: Н. Мартиноски
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

13. ЧЕТРИ ДЕВОЈЧИЊА, 1959
молив на хартија, 44 x 37
сиг. д. с. Marti/noski 59
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

14. ИГРА НА ВЉУБЕНИ, 1960
молив на хартија, 28 x 29,5
сиг. д. с. Martinoski 60
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

15. ЉУБОВ, 1960
молив на хартија, 31 x 42,5
сиг. д. с. верт. Martinoski 60
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

16. ИГРА, 1962
молив на хартија, 38 x 33
сиг. д. л. N. Martin 62
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

17. ЉУБОВ, 1963
молив на хартија, 29 x 34,5
сиг. д. л. Martinoski 63
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

18. ДОИЛКА, 1968
молив на хартија, 44 x 36
сиг. д. с. N. Martinoski 68
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

19. ДЕЦА, 1968
молив на хартија, 36 x 67
сиг. д. с. N. Martinoski 68
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

20. ТРИ ДРУГАРКИ, 1968
молив на хартија, 65 x 44
сиг. д. с. N. Martinoski 68
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

21. ПРОЛЕТ II
линорез во боја, 30,5 x 24
соп. Гал. на Н. Мартиноски, Крушево

Организација:
Научно културни средби
„Десет дена Крушевска република"
Галерија на Никола Мартиноски, Крушево
Уметничка галерија Скопје
Одговорен уредник Кочо Топузоски
Предговор: Д-р Борис Петковски
Концепциа на изложбата:
Д-р Борис Петковски и Коста Мартиноски
Каталошки и биографски податоци:
Коста Мартиноски
Ликовно обликување: Коста Мартиноски
Фотографии: Мишу Бербер
Печатница: Графички завод „Гоце Делчев"
Тираж: 500 примероци